ДП 363/13

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Христо Јованов извршител, како Потпретседател на Дисциплинска комисија и Саветка Георгиева извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје судија Владимир Панчевски, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Нуман Лимани од Министерство за правда, како членови на Дисциплинска Комисија и секретар на Дисциплинска комисија Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-1775/7 од 03.06.2013 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител К.К лично, по одржан претрес, на ден 31.10.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН извршителот К. К. именувана за подрачјето на Основниот суд С. 1 С и Основниот суд С 2 С со адреса на бул.„Св. К. О.” бр.С.

ЗАТОА ШТО:

Извршителот К К. од С не го овластила нејзиниот заменик Извршителот К. К. од С да располага со редовната и посебната сметка, со што постапила спротивно на член 48 став 6 од Законот за извршување (“Службен весник на Република Македонија бр.35/05, 50/06, 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/11), со кој е пропишано дека извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменик извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен.

со кои дејствија извршителот К. К. од С сторила дисциплинска повреда по член 54-г став 1 алинеја 17 од Законот за извршување “не му издава овластување на заменик извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка “,

па согласно чл. 54-б став 2 од Законот за извршување му се изрекува единствена парична казна во висина од 1.500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на РМ на ден на изрекувањето

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот К. К. од С утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-1775/7 од 03.06.2013 година против извршителот К. К. од С е поднесен од страна на Министерот за правда врз основа на Извештај од редовен надзор бр.09-1775/3 од 29.05.2013 година спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда на ден 22.05.2013 година.

Предлогот е со наводи кои го товарат извршителот К. К. од С дека не го овластила нејзиниот заменик Извршител К. К. да располага со редовната и посебната сметка со што постапила спротивно на член 48 став 6 од Законот за извршување (“Службен весник на Република Македонија бр.35/05, 50/06, 129/06 , 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/11), со кој е пропишано дека извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменик извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен. Подносителот смета дека ваквото постапување на извршителот е спротвно на чл.48 ст. 6 од ЗИ.

Министерот за правда сметајќи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по член 54-г став 1 алинеја 17 од Законот за извршување “не му издава овластување на заменик извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка “ па предлга Дисциплинската Комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител К. К. од С и да му изрече соодветна мерка по ЗИ.

Извршителот К. К. од С во своја одбрана во писмен одговор и на главен претрес одржан на ден од 31.10.2013 година по повод наводите од Предлогот за поведување на дисциплинската постапка наведе дека

Предлогот за поведување дисциплиснка постапка пред Комората на извршители е поднесен на 06.06.2013 година, а на 28.05.2013 година на лицето Д.Д, вработено во Министерство за правда, на рака му биле дадени фотокопии од картичките со коишто се овластува Извршител К. К. да располага со редовната и посебната сметка на Извршител К. К.Извршителот напоменува дека во чл.48 ст.6 од ЗИ е наведено дека овластувањето на заменикот извршител се издава со цел да овозможи редовно функционирање на работата во канцеларијата во случај кога извршителот е спречен да работи, а до тогаш во целост непречено се одвивале плаќањата од посебната и редовната сметка на Ивршител К. К. и не била направена никаква штета ниту за доверител, ниту за должник.Извршителот истакнува дека во денешно време, кога се користи електронско банкарство, дури и да не постои друго лице овластено за располагање на сметка, вработените од канцеларијата, а и било кој, може непречено да врши плаќања, со самото знаење на корисничкото име и лозинката од електронското банкарство. Понатаму, извршителот наведе дека нејзината канцеларијата користела електронско банкарство, па така плаќањата и за време на спреченост на извршителот можел да ги врши било кој од канцеларијата.Воедно, извршителот истакна дека во чл.54-г точка 1 алинеја 17 е наведено дека дисциплинска мерка ќе се изрече ако извршителот не му издава овластување на заменик извршителот да располага со неговата редовна и посебна сметка па оттука извршителот смета дека намерата дали извршителот сака, односно има или нема намера да го овласти заменикот, е затоа што одредбата е напишана во сегашно време.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 31.10.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Извештај бр.09-1775/3 од 29.05.2013 година од Министерство за Правда

- Решение за именување заменик на извршител бр.09-4876/2 од 21.12.2011 година од Министерство за правда

- Барање од Извршител К. К. од ден 04.11.2013 година

- Фотокопии од картички за овластување за располагање со редовната и посебната сметка на Извршител К. К. бр.63470 на С. Б. АД С.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Со Решение на Министерот за правда бр.09-4876/2 од 21.12.2011 година извршителот К. К. од С. бил именуван за заменик на извршителот К. К од С. Извршителот К. К. го овластил извршителот К. К. да располага со редовната и посебната сметка а видно од картички со број 63470 на С. Б. АД С.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ одлучувајќи по повод основаноста на предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот К. К. од С. сторил дисциплинска повреда по чл. чл.54 – г став 1 алинеја 17 "не му издава овластување на заменик извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка ", што е спротивно на чл.48 ст. 6 од ЗИ со кој е пропишано дека извршителот е должен, истовремено со именувањето на неговиот заменик извршител, да му издаде овластување на заменикот да располага со редовната и посебната сметка, со цел да овозможи редовно функционирање на работата во неговата канцеларија во случај кога тој е спречен со тоа што од ден 21.12.2011 година до ден 28.05.2013 година не му издал овластување за располагање со редовната и посебната сметка.

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот а особено околноста дека пред да биде поднесен Предлог за поведување на дисциплиска постапка од Министерството за правда на РМ, односно на ден 28.05.2013 година, на лице вработено во Министерството за правда на РМ на рака му биле дадени фотокопии од картичките со коишто се овластува Извршителот К. К. да располага со редовната и посебната сметка на Извршителот К. К, но истото не влијаеше за поинакво одлучување.

Дисциплинската комисија го ценеше фактот дека пред доставување на Предлогот за поведување на дисциплиска постапка до Комората на извршители на ден 06.06.2013 година извршителот му издал овластување на нејзинот заменик и истото го ценеше како олеснителна околност при определувањето на видот и висината на дисциплинската санкција.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинскта санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности а особено како олеснителна околност фактот дека против извршителот за прв пат од неговото започување со работа се поведува дисциплинска постапка како и фактот дека

откако бил извршен надзорот од страна на Министерството за правда на РМ извршителот ги отстранил сите посочени неправилности а како отежнителна околност фактот што поголем временски период канцеларијата на извршителот функционирала без да се даде овластување на нејзиниот заменик што во случај на спреченост на извршителот можело да дојде до нарушување на редовното фунционирање на работата на неговата канцеларија а која е и целта на законодавецот кога предвидел издавање на овластување за заменикот на извршителот, па во склоп на истите му ја одмери казната и со примена на правилата на казненото право чл.40 и чл.41 од КЗ му изрече казна во висина од 1.500 евра во денарска противвредност. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 31.10.2013 година согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител К .К од С да плати на име парична казна износ во висина од 1.500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр. во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинска комисија
Потпретседател,
Христо Јованов

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

**Д.н.**Претседател на КИРМ
Министерство за правда
Извршител К.К од С
Архива